**Комора на психолози на Република Македонија**
**Ул.Лондонска бр.19, локал 8, Т.Ц.Олимпико**
**http://komoranapsiholozi.mk**
**e-mail:komora.na.psiholozi@gmail.com**
**Тел:+389(0)23074203**

---

Врз основа на Законот за вршење на психолошка дејност и Законот за Вештаци на Република Северна Македонија Комората на психолози на Република Македонија, со Одлука на Управен одбор со бр: 0202-376/01, од 01.11.2024 е донесен следниот

# ПРАВИЛНИК

# СО СТАНДАРДИ ЗА СУДСКО-ПСИХОЛОШКО ВЕШТАЧЕЊЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Правилникот за судско-психолошкото вештачење ги уредува начинот и стандардите за изработка, адаптација и употреба на психолошките методи, тестовите, знаењата и вештините на психологот за нивно користење во судската и форензичката пракса. Психологот е обврзан при изработката, интерпретацијата и употребата на судско -психолошките вештачења да постапува согласно овие стандарди.

### Член 2

Изработката, интерпретацијата и примената на судско –психолошките вештачења може да ја извршува само дипломиран психолог кој поседува соодветно стручно знаење и вештини потврдени со“Б”лиценца за специфични области од психологијата , издадена од Комората на психолози на Република Македонија , односно лиценца за вешто лице издадена од Министерство за правда на Република Северна Македонија.

### Член 3

Наводите во психолошкото вештачење треба да бидат јасни, транспарентни , видливи, недвосмилени и селективни, согласно психолошката наука , стручна етика и кодекс, а во насока на правниот интерес на судскиот процес.

**Член 4**

По однос на судско психолошкиот наод и вешто мислење може да се произнесе и да го интерпретира само лиценциран психолог со лиценца за вешто лице, по основ на барањата и наредбите за конкретниот судски предмет.

## II. ВИДОВИ НА СУДСКО-ПСИХОЛОШКИ ВЕШТАЧЕЊА

**Член 5**

Психолошки наод и мислење - се изработува врз база на извршена егзаминација со интервју, батерија од најмалку 4 теста , меѓу кои согласно потребите се: 2 инвентари на личноста, клиничка скала за мерење на интелегенција и една проективна техника. Или 2 развојни тестови, скала за мерење на интелегенција и проективна техника кај деца или лица со пречки во развојот. Наодот треба да содржи опис на личноста и тестовните резултати, опишани најмалку на една страница, без дијагнози од МКБ-10 и без функционални интерпретации.
Ваков наод е наменет за тимска работа и во таков случај можат да го работат и психолози со општа лиценца со најмалку 5 годишно работно искуство на струката, односно областа која е од судски интерес во дадениот предмет.
При изработката се користат техники и мерни инструменти кои се рангирани најмалку под категорија “Б” , според правилникот за употреба на тестови и мерни инструмени на Комората на психолози на РМ.

**Член 6**

Судско-психолошки наод и вешто мислење – треба да содржи Психолошки наод опишан во претходниот чл.5 и форензичка функционална анализа , диференцијална дијагноза по МКБ-10, доколку е тоа потребно и вешто мислење или заклучок.
Форензичката функционална анализа треба да содржи опис на психичкото функционирање на лицето кое е предмет на психолошка егзаминација и како тоа се одразило, или би се одразило на правниот интерес , конкретизиран во барањето за вештачење. Диференцијалната дијагноза подразбира точно одредување на дијагнозата согласно МКБ-10 ,со опис на сродни дијагнози, доколку тоа е потребно.
Овие вештачења ги извршуваат психолози со посебна лиценца и најмалку 5 години искуство на струката и со лиценца за вештачење издадена од Министерството за правда на РСМ.
При изработката на ова вештачење треба да се користат техники и методи кои спаѓаат под категоријата “Б” и“Ц” .
Вештото мислење ги содржи интерпретациите на наодите од егзаминација на личноста, нејзината функционална способност , однесување и специфичностите на нејзината ментална состојба кои се од правен интерес за конкретниот судски предмет.

Заклучокот треба да содржи јасна, конкретна и недовосмислена формулација на општиот наод, мотиви и однесување на личноста,со прилагоден правен речник.

**Член 7**

Психолошка студија на судски случај – е најсложена категорија во судските вештачења поради што овие вештачења можат да ги извршуваат само психолози специјалисти, магистри, доктори на наука, со посебна лиценца и лиценца за вештак издадена од Министерството за Правда на РСМ, со најмалку 5 годишно работно искуство на струката.
Студијата содржи анализа на психолошкото тестирање, приказ на тестовните резултати, функционална анализа на личноста пред , за време и после правниот настан, диференцијална дијагноза по МКБ– 10, анализа на самиот предмет и околностите во него, анализа на доказните материјали, вешто мислење и заклучок.
- Психолошкото тестирање треба да е извршено со најмалку батерија од 4-6 теста од кои 2 треба да се од категоријата“Ц” , која се однесува на сложени инвентари,проективни техники , мерни инструменти за проценка на веродостојноста на исказот, како и некои други сложени апарати кои бараат дополнителни знаења, вештини, обука и едукација.
Листа на основни биографски информации (ЛОБИ ) или анамнеза е задолжителна.
- Приказот на резултатите од тестот треба транспарентно да се објави во писмениот наод , со кратка тестовна интерпретација.
- Функционалната анализа ги интерпретира сите девет психички функции на лицето кое е егзаминирано пред, за време и после настанот од правен интерес.
- Диференцијалната дијагноза се опишува конкретно според МКБ– 10 или описно .
- Анализата на конкретниот предмет се однесува на анализа на психичките функции кои се битни за самиот настан од правен интерес.
- Се анализираат доказните материјали доставени во судската документација
- Вештото мислење ги содржи интерпретациите на наодите од егзаминација на личноста, нејзината функционална способност, однесување и специфичностите на нејзината ментална состојба кои се од правен интерес за конкретниот судски предмет.
- Заклучокот треба да содржи, јасна , конкретна и недовосмислена формулација на општиот наод , мотиви и однесување на личноста .

## III. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

**Член 8**

Согласно Правилникот за користење и употреба на тестови и мерни инструменти од Комората на психолози на РМ ,при судско-психолошкото вештачење се користат сите расположливи техники, методи и апарати кои се користат во применетата психологија. Тоа се ,директивни и недирективни интервјуа, тестови, прашалници, инвентари, скали за мерење, апарати, инструменти, аналитички методи, компаративни методи и методи

на проценка на веродостојноста на исказот, методи за психо-социјална адаптација и сл. Резултатите од истите треба да бидат прилагодени и вербално разбирливи на потребите од судската пракса.
Психологот треба да ги користи оние методи и техники за кои има стекнато стручни знаења и вештини, согласно лиценцата за работа.

## IV. ФОРМАЛНО-ТЕХНИЧКА ИЗРАБОТКА НА СУДСКО-ПСИХОЛОШКИ ПИСМЕН НАОД И ВЕШТО МИСЛЕЊЕ

### Член 9

Изработката на оригинално судско- психолошко вештачење поминува низ следните фази: Формална, конкретна и заклучна.
-Формалната фаза ги содржи следните елементи:
1. Наведување на судско-правната институција на која и е наменето вештачењето
2. Наведување на бројот на предметот под кој е заведен во судската администрација
3. Наведување на одговорниот судско правен субјект и негова идентификација
4. Наслов на судско-психолошкиот наод и вешто мислење ,со големи и болдирани букви.
5. Број на предметот , датум на издавање на наредбата и идентификација на потписникот на наредбата, неговиот стручен статус и ранг.
6. Опис на барањата што ги содржи наредбата
7. Повод за вештачење
8. Краток опис на правниот настан
9. Извод од доставената документација
10. Методи и техники на стручната специјалност од психологијата со кои е изработено вештото мислење
- Конкретната фаза ги содржи следните елементи:
1. Основни биографски податоци на лицето кое се вештачи
2. Анамнеза
3. Хетероанамнеза
4. Опис на методите и техниките кои се користат и зошто
5. Наод
6. Мислење
7. Заклучок
8. Препорака по потреба
- Заклучната фаза ги содржи следните елементи
1.Датум на изработка
2. Име и презиме на вештото лице
3. Стручен профил на вештото лице
4.Број на важечка лиценца за вештак или лиценца за работа

## IV. ПРЕДМЕТИ ВО КОИ СЕ КОРИСТИ СУДСКО-ПСИХОЛОШКОТО ВЕШТО МИСЛЕЊЕ

### Член 10

Согласно судската пракса, психолошкото вешто мислење се користи во кривични и граѓански дела. Конкретно: при појава на деца сведоци,немоќни лица сведоци, проценка на деловна способност, проценка на тестаторска способност, медијација, наоди за помилување, одземање или враќање на родителско право , бракоразводни предмети, проценка на пресметливост, проценка на способност за вина, степенување на одговорност за вина, брачни и вонбрачни дела , одредување на родителска способност , одредување на структура на личноста на учесник во било каква функција во судски процес, проценки на судење во отсуство на обвинет и непознат сторител, одредување на одговорност на службено лице со право за носење и употреба на службено оружје, одредување на лична нематеријална штета , супервештачења и постхумни анализи на поведение и проценка на психичка состојба. И секаде каде судот има потреба.

## V. ИНДИВИДУАЛНА ИЛИ ТИМСКА РАБОТА

### Член 11

Психолошко вештачење може да се работи индивидуално или во тим со друг психолог,психијатар,невролог или друг профил на вештак.

-Тимска работа на двајца психолози е потребна кога имаме блиски личности кои независно треба да се проценат или испитаат, или ако имаат една заедничка цел на содејство, или акција од заеднички интерес.
- Тимска работа на двајца или повеќе психолози е потребна кога има поголем обем на работа или се работи за различни области на психологијата со различна спецификација на областа за вештачење.

-Тимската работа на судски психолог и психијатар/невролог или лекар од друга специјалнос т , друг профил на вештак е препорачлива поради утврдување на здравите и патолошките елементи во личноста која се егзаминира.

-Тимска работа на три судски вештаци од кој едниот е судски психолог е задолжителна при сложени судски предмети и супервештачења.

## VI. УСНА ИЛИ ПИСМЕНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

### Член 12

Вештакот психолог е обавезен до судот да достави писмено вештачење во најмалку 3 примероци во временски рок кој го определува Судскиот орган во неговата Наредба . Судско-психолошкото вештачење единствено може да биде усно изнесено без претходна психолошка евалуација и анализа, само во исклучителни случаи каде не е можна било каква психолошка егзаминација на лицето или е невозможен контакт. Или доколку судот го побарува тоа,односно има потреба од теоретско психолошко образложение.

## VII. НАГРАДА ЗА СУДСКО-ПСИХОЛОШКО ВЕШТАЧЕЊЕ

### Член 13

Психологот вештак, кој издал психолошки наод има право на паричен надомес согласно трошковникот на Министерството за правда на РСМ. И треба да биде одредено според обемот на работата, тежината и квалификацијата на судскиот предмет, обемот на писмениот извештај и дополнителните трошоци околу изработката на вештото мислење.

Психологот кој издал психолошки наод и мислење , а кој се појавил во вештачењата на друг стручен профил како доказен матерјал, има право да побара надокнада , само ако ги исполнува условите од Член 5 од овој правилник. Трошоците во овој случај ги сноси оној кој го користи наодот и мислењето на психологот.

### Член 14

Овој правилник стапува во сила од денот на донесувањето.